**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-61
15.02. **2017 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-771/1 од 13.02.2017 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно поради употреба на јазик спротивно на член 64 став 3 од истиот Закон, од страна на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), а казнива по член 147 став 1 точка 13 и став 2 од истиот Закон, на начин што телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, на 20 јануари 2017 година, во рамки на емисијата „Јади Бурек", во периодот од 21:13:47 часот до 21:33:33 часот, емитуваше содржини на англиски јазик, без истите да бидат преведени на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-771/1 од 13.02.2017 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на

почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 13 февруари 2017 година, изврши вонредовен програмски надзор, реализиран по службена должност, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 20 јануари 2017 година, при што е констатирано дека во рамки на емисијата „Јади бурек" посветена на инаугурацијата на Доналд Трамп за претседател на САД, водителот на емисијата остварил контакт во живо со Џејсон Мико, американски аналитичар, при што во периодот од 21:13:47 часот до 21:33:33 часот, разговорот е емитуван на англиски јазик, без да биде преведен на македонски јазик со што е сторено прекршување на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-771/1 од 13.02.2017 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-771/1 од 13.02.2017 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдена во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, се изрекува мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

(1) Писмен извештај за извршен административен надзор бр.10-771/1 од 13.02.2017 година.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 13.02.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 771 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 20 јануари 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 февруари 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите на радиодифузерите треба да бидат преведени на македонски јазик, односно на јазикот на заедницата што не е во мнозинство)

6. **Претходно изречена мерка:**

- Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 20 јануари 2017 година, **е констатирано прекршување на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите на радиодифузерите треба да бидат преведени на македонски јазик, односно на јазикот на заедницата што не е во мнозинство).

Со надзорот е констатирано дека на 20 јануари 2017 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, во рамки на емисијата „Јади бурек“, посветена на инаугурацијата на Доналд Трамп за претседател на САД, водителот на емисијата остварува контакт во живо со Џејсон Мико, американски аналитичар, при што разговорот е емитуван на англиски јазик, без да биде преведен на македонски јазик.

| Наслов на емисија | Период на емитување на емисијата | | Период на емитување на непреведени делови | | Опис |
|---|---|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | Почеток | Крај | |
| **Јади бурек** (посветена на инаугурацијата на Доналд Трамп) – втор дел | 21:09:25 | 23:51:30 | **21:13:47** | **21:33:33** | Водителот на емисијата остварува контакт во живо со Џејсон Мико, американски аналитичар, при што разговорот е емитуван на англиски јазик, без да биде преведен на македонски јазик. |

Исто така, во првиот дел од емисијата, којшто се емитува во периодот од 16:06:19 до 19:02:17 часот, прикажани се делови од говорот на Доналд Трамп и на други говорници изворно на англиски јазик, без превод на македонски јазик.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, на 20 јануари 2017 година, во рамки на емисијата „Јади бурек", посветена на инаугурацијата на Доналд Трамп за претседател на САД, емитувани се содржини на англиски јазик, без да бидат преведени на македонски јазик.

**9. Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје и согласно точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***